# ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде придонес за обезбедување услови и преземање мерки за безбедна пловидба во Република Македонија. Пловните патишта, пристаништата, зимовниците и сидриштата како дел од внатрешната пловидба која е дејноста од јавен интерес, може да се дадат на концесија или на управување на правни и физички лица.

Вршењето на ревизијата се одвиваше во неколку фази од кои прва е фазата на прелиминарни истражувања. Од прелиминарните истражувања кои ги извршивме за потребите на ревизијата произлегоа повеќе подрачја кои покажаа претпоставени или докажани ризици и кои беа основа за вршење на ревизијата на успешност. Нашата ревизија ја насочивме кон откриените ризични подрачја како и кон прашања поврзани со активноста. Во таа насока се фокусиравме на начинот на примена на законската регулатива од областа на внатрешната пловидба, безбедност на пловидбата . Констатиравме дека во Република Македонија не се определени правни и физички лица да управуваат со пристаништата, зимовниците и сидриштата, и не е определен надоместок за користење на истите.

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде придонес за обезбедување услови и преземање мерки за безбедна пловидба во Република Македонија како и начинот на примена на законската и подзаконската регулатива во областа на управувањето и давањето на концесија на пристаништата, зимовниците и сидриштата како дејност од јавен интерес.

Со извештајот надлежните институциите ќе се информираат за степенот на имплементацијата на Законот за внатрешната пловидба во однос на задолжителните услови кои треба да ги исполнуваат пристаништата, зимовниците и сидриштата за безбедна пловидба.

Исто така, ќе бидат презентирани утврдените состојби и неправилности и дадените препораки за нивно надминување, кои ќе помогнат во интензивирање на процесите за имплементација на законските акти од областа на внатрешната пловидба.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 - Опфат и методологија од овој извештај.

Ревизијата на успешност која ја спроведе ревизорска екипа од Државниот завод за ревизија е извршена активност, планирана и спроведена согласно Годишната програма за работа на ДЗР за 2012 година.

Ревизијата на успешност е спроведена од страна на ревизорска екипа од ДЗР .

Ревизијата е извршена по следните фази и периоди:

- Прелиминарни истражувања – месец јуни до месец октомври 2012 година;
- Вршење на ревизијата – месец ноември 2012 година;
- Анализа на резултати и подготовка на Нацрт извештај од спроведена ревизија – месец ноември 2012 година.

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот-предмет на ревизија, одржан на ден 27.11.2012 година.

Од Капетанот на Капетанијата, преку Министерството за транспорт и врски, примени се забелешки на Нацрт извештајот, број 02-25426/2 од 23.01.2013 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 18-160/1 од 24.01.2013 година кои претставуваат известувања и дополнителни информации за состојбата односно до која фаза се подготвителните работи на градското пристаниште во Охрид. Овие информации соодветно се обелоденети во точката 1.1. од Нацрт извештајот.